Арх.бр. УП1-15 1347/2021
Дата 18-09-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерството за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни објекти на магистрален пат А2, делница Хиподром - Миладиновци на КП 692/5 во КО Бунарџик, Општина Илинден.**

Површината на планскиот опфат изнесува 2,18 ха.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y21521** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на бензинска пумпна станица со придружни објекти на магистрален пат А2, делница Хиподром - Миладиновци во КО Бунарџик, Општина Илинден, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на Аеродромот "Меѓународен аеродром Скопје" кој спаѓа во примарната аеродромска мрежа. При изработка на предметната документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk